**КРАТКО РЕЗИМЕ**
**на Заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување постапка за оценување на постоење злоупотребена државна помош**
**(предмет бр. 10-73)**

## 1. Опис на помошта

Предмет на постапката е државна помош доделена од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Желино, врз основа на Договорот за доделување на државна помош бр.13-1524/1 од 23.11.2022 година, изменет со Анекс договор бр.13-524/1 од 05.03.2025 година.
Државната помош е одобрена со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.10-144 од 10.11.2022 година за реализација на инвестициски проект во ТИРЗ Тетово, под услов корисникот на државната помош, покрај реализацијата на новата инвестиција, да го задржи постојниот производствен објект во Желино, заедно со сите вработени, во ист обем како и пред започнувањето на инвестицијата во ТИРЗ Тетово.

## 2. Прелиминарна оцена на Комисијата во однос на карактерот на помошта

Врз основа на прибраната документација, податоците доставени од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Извештајот за фактички наоди од 09.10.2025 година и наодите од спроведената истрага по службена должност, Комисијата прелиминарно оцени дека постојат индиции дека предметната државна помош можеби е користена спротивно на условите под кои е дозволена и доделена.
Комисијата прелиминарно оцени дека постојат индиции за можна злоупотребена државна помош во смисла на член 4 став (6) од Законот за контрола на државната помош, согласно кој злоупотребена помош е секоја помош доделена спротивно на решението со кое се дозволува доделувањето на државната помош.

## 3. Причини поради кои постојат сериозни сомневања за постоење злоупотребена државна помош

До Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони беше доставено известување за понатамошно постапување, заедно со Извештајот за фактички наоди од 09.10.2025 година изготвен од Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје.
Во Извештајот за фактички наоди е констатирано дека не е исполнет условот утврден во Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.10-144 од 10.11.2022 година, врз основа на кој е дозволено доделувањето на предметната државна помош.

Дополнително, согласно доставените податоци од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и коригираната годишна сметка на корисникот за 2024 година, утврдено е дека просечниот број на вработени изнесува 30 вработени, што претставува индиција за неисполнување на условот за задржување на постојниот број на вработени утврден со Решението бр.10-144 од 10.11.2022 година.
Врз основа на доставената документација, наодите од Извештајот за фактички наоди и резултатите од спроведената истрага по службена должност, Комисијата оцени дека постојат сериозни сомневања дека корисникот не ги исполнува условите под кои е дозволена и доделена предметната државна помош, поради што постојат основани индиции за постоење злоупотребена државна помош.

**4. Повик до заинтересираните лица**

Комисијата за заштита на конкуренцијата ги повикува сите заинтересирани лица да достават коментари, забелешки и мислења во писмена форма во врска со предметната постапка.
Коментарите, забелешките и мислењата може да се достават до Комисијата за заштита на конкуренцијата на адреса:
**ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје**
или по електронски пат на: **kzk@kzk.gov.mk**
во рок од **30 дена од денот на објавувањето на ова кратко резиме** на веб-страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.
Доколку заинтересирано лице побара неговиот идентитет да не биде откриен поради можност од настанување штета, Комисијата нема да го открие неговиот идентитет согласно важечките прописи.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
Скопје, 11 јуни 2026 година